HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Согласно член 24 од Статутот на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, основана е Младинска група, која ќе дејствува согласно мандатот и активностите на Комитетот, и согласно следниот:

# Правилник за организација и работа на младинска група на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

***Основни принципи и вредности***

Член 1

Младинската група на Хелсиншки комитет за човекови права е неформална, неполитичка и не-религиозна група на млади луѓе кои доброволно се пријавуваат за учество и дејствување во рамките на групата.

Член 2

Младинската група работи врз принципите на еднаквост и недискриминација, толеранција и непристрасност.

Член 3

Работата на Младинската група и активностите кои ги презема се јавни и транспарентни.

Член 4

Членувањето во Младинската група е од доброволен карактер и за него не е предвиден финансиски надомест.

***Цели и задачи***

Член 5

Основната цел на Младинската група е почитување, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе, предвидени во домашната легислатива и меѓународните документи и стандарди.

Член 6

Посебни задачи на Младинската група се:

- Да организира/учествува во организирање настани насочени кон промоција на човековите права и слободи
- Да поведува иницијативи за промоција и заштита на човековите права на сите луѓе или на определена ранлива група во општеството

- Да учествува во организација на јавни настани (конференции, дебати и разни акции) насочени кон промоција и заштита на човековите права и слободи
- Да набљудува и известува за прекршувања на човековите права и слободи

***Начин на зачленување и критериуми***

Член 7

Член/ка на Младинската група може да се стане:

- Преку пријавување на отворен повик од страна на Хелсиншкиот комитет, со поднесување кратка лична биографија и мотивациско писмо, во предвидениот рок на повикот.
- Во било кое време, со поднесување кратка лична биографија и мотивациско писмо до Хелсиншкиот комитет, по пошта или на мејл: mladinskagrupa@mhc.org.mk

Член 8

Членовите/ките на Младинската група мора да бидат во возрасна граница од 16 до 26 години.

Член 9

Членовите/ките на Младинската група треба да покажат особен интерес кон одредени општествени прашања или случувања кои се рефлектираат врз остварувањето и почитувањето на човековите права.

Член 10

По одобрување од страна на Хелсиншкиот комитет, избраните членови/ки ќе потпишат Изјава за членување во Младинската група.

***Начин на комуникација***

Член  10

Комуникацијата помеѓу Хелсиншкиот комитет и членовите/ките на Младинската група ќе се остварува преку одржување на повремени состаноци, преку електронска пошта, а по потреба и телефонски.

Член 11

За остварување навремена и непречена комуникација, членовите на Младинската група ќе доставаат до Хелсиншкиот комитет функционална електронска пошта и телефонски број, на кои се редовно достапни.

Член 12

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

За одржување на повремени состаноци на Младинската група, Хелсиншкиот комитет навремено ќе ги извести членовите/ките на групата за времето и местото на состанокот, и ќе обезбеди соодветни услови за одржување на состанокот.

***Права и обврски на членовите/ките***

Член 13

Членовите/ките на Младинската група имаат право доброволно да се пријават за учество во било која активности или задача, за која Хелсиншкиот комитет има потреба.

Член 14

Со пријавување за учеството во одредена активност по барање на Хелсиншкиот комитет, членот/ката има обврска да ги исполни сите задачи зададени од страна на одговорното лице за таа активност.

Член 15

Членовите/ките на Младинската група имаат право доброволно да се откажат од членството, согласно нивните лични согледувања или потреби.

За откажување од членството во Младинската група, членот/ката ќе достави официјално, навремено известување до Хелсиншкиот комитет.